Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-126/8
0408 202/ год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставката бр. 0801-126 од 17.06.2021 година, поднесена од [redacted] законски застапник на [redacted] од Скопје, против [redacted] и членките на управниот одбор [redacted] за извршена директна дискриминација по основ на личен и општествен статус во областа на образование, наука и спорт, пристапот до добра и услуги како и членување и дејствување во синдикалните, политичките партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/30.10.2020 година), на 04.08.2021 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**Не се утврдува директна дискриминација** врз основа на личен или општествен статус, во областа на образованието, науката и спортот, пристапот до добра и услуги како и членувањето и дејствувањето во синдикати, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани врз членство извршена од страна на [redacted] кон спортистките [redacted]

## Образложение

Во претставката за спречување и заштита од дискриминација заведена под број 0801-126 од 17.06.2021 година од подносителот [redacted] од Скопје, наведува дека неговите ќерки [redacted] се дискриминирани со одлуките на [redacted] кои се донесени без почитување на правилниците и резултатите. Во претставката подносителот приложува жалба против одлуката за исклучување од репрезентација на [redacted] од 24.06.2021 година, фактури, емајл, резултати и бодувања од домашни и меѓународни спортски натпревари како и преписки преку емајл и месенџер со членовите на Управниот одбор, тренерот и претставници на меѓународни спортски организации. Врз основа на овие докази тој тврди дека неговите ќерки се дискриминирани од страна на [redacted] со тоа што им е ускратено да учествуваат на стипендирани меѓународни тренинг кампови и натпревари. [redacted] наведува дека овие несогласувања со федерацијата постојат веќе подолго време и дека ваквиот однос вроди со исклучување на [redacted] од репрезентативниот состав на [redacted]

По прилозите доставени од страна на [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) утврди наводи за дискриминација по што на 05.07.2021 година до [redacted] односно до Управниот одбор на [redacted] беше пратено барање за изјаснување по наводите на претставката заверено под број 0801-126/5. Федерацијата одговори по барањето на 22.07.2021 година заверено под број 0801-126/6 а во прилог ни достави докази по кои образлага дека нивните одлуки се донесени врз основа на Статутот на организацијата кој е усогласен со Законот за спорт. Во нивниот одговор

Федерацијата нагласува дека од страна на [redacted] се пратени неколку претставки до домашни институции и меѓународни организации а ниту една од нив не утврдила неправилност во работата на Федерацијата. Подносителот на претставката исто така ја обжалил одлуката за исклучување од репрезентација на [redacted] пред Надзорниот одбор кој има ингеренции да ја надгледува работата на Управниот одбор, по што се утврди дека „не постои непочитување на процедурата која претходела при донесување на Одлука за исклучување од репрезентација на спортистките [redacted]".

Понатаму, со цел детално да ја образложат одлуката за исклучување од репрезентацијата на спортистките [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 27.07.2021 година побара доуредување на барањето за изјаснување по наводите од претставката заверено под број 0801-126/7 со кое КСЗД побара да се доставаат (1) Статутот на федерацијата, (2) одговор од страна на Меѓународниот лизгачки сојуз врз база на жалба за дискриминација од страна на [redacted] од 03.2021, (3) одговорот од Народниот правобранител по жалба за дискриминација, (4) детално образложение за исклучување од репрезентација на [redacted] и [redacted]. На 28.07.2021 Федерацијата ги достави сите побарани документи од кои јасно се гледа дека (1) Меѓународниот лизгачки сојуз не утврдува никаква повреда на правилата во поглед на дискриминација (2) дека одлуката за исклучување од репрезентација се темели врз непочитување на редот и дисциплината во тек и надвор од тренинзите за што спортистките во август 2020 година биле опоменати од страна на Управниот одбор а на нивниот однос се пожалил и тренерот и (3) дека одлуката за исклучувањето на спортистките [redacted] се темели врз член 12 и член 39 од Статутот на [redacted] на Република Северна Македонија. Во образложението Федерацијата наведува и дека покрај тоа што семејството [redacted] „имале решение за изолација, истото не го споделуваат односно бараат да остане во тајност, а и понатаму продолжуваат редовно да доаѓаат на тренинзи со што ги ставаат во ризик од ширење на КОВИД 19 и останатите спортисти, тренери и нивните семејства".

Затоа, врз основа на горе наведените факти и докази Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе мислење кое е напишана во диспозитивот.

**Претседателка на**

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**

Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

Доставено до:

- [redacted]